

**Овошките** се медносна паша  која дава нектар  и полен, и се многу значајни за пчеларството, посебно поради фенофазата на цутење во текот на   Април и Мај.

Овоштарството е една од значајна земјоделски гранки во Македонија, поради поволните климатски и почвени услови и во неа се среќаваат скоро сите видови и сорти овошки. Овошки кои рано цветаат и се значајни за раниот развој на пчелината заедница се бадемот, праската , кајсијата, сливата и др.

Додека црешата, крушата, јаболката и други овошки цветаат  до мај и ја продолжуваат раната пчелина паша.

Цутењето на костенот во јуни и јули може да даде и добри приноси посебно во местата каде е повеќе застапен.

Општо познато и постојано потенцирано е дека користа од пчелите како опрашувачи на растенијата а посебно на овошките е неколкупати поголема од користа што ја добиваме во пчелини производи мед,полен,млеч,прополис,восок.,пчелин отров..Поленизацијата што ја вршат пчелите во огромен процент ги зголемува приносите кај сите растенија .За овоштарството поленизацијата е уште позначајна а приносите се за 60 до 70% поголеми на овоштарниците во чија близина има пчелини семејства.Не случајно Алберт Анштајн изјавил дека доколку изумрат пчелите на човекот не му остануваат  повеќе од 4 години живот.